С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

НА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Службен гласник на Општина Крива Паланка **Издавач : Општина Крива Паланка** **Излегува по потреба**	**Број 11** **27.10.2026**	**Гласникот е бесплатен**

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка Службен гласник бр.09/26) Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 26.10.2026 година донесе,

Програма

за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година и тоа:

1.Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата: Алинеја 3 износот од 15.000.000,00 ден се менува и гласи 1.080.274,00 денари.

2.Вкупната вредност на проектот од 29.000.000,00 ден. се намалува на 16.673.721 денари.

3.Составен дел на оваа програма е **о**бразец В1 -прилог 3

Оваа програма ЈНА влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.09-5057/3
26.10.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка

за периодот 2024-2026 година

1. Се објавува Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година, што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/4
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ“ 202/24), член 29 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 ; 173/22 ; 170/24 и 37/25) , член 36 од Законот за Буџетите („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 и („ Службен весник на РСМ“ 151/21 и 3/25) , и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка („ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 12/10; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 ; 08/21 , 01/23, 05/23 ; 14/23 ;05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на 14 - та седница одржана на 26.10. 2026 година, донесе :

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 ГОДИНА

1.Општ дел

Член 1

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2026 година , се состои од :

	БУЏЕТ	**РЕБАЛАНС**
I. Вкупно приходи	**692.313.181**	**689.467.965**
Даночни приходи	61.400.000	61.400.000
Неданочни приходи	17.055.000	17.055.000
Капитални приходи	77.456.581	77.456.581
Приходи од дотации	309.680.277	303.680.277
Приходи од трансвери	158.615.323	158.904.741
Приходи од донации	68.106.000	70.971.366
II. Вкупно расходи	**718.376.969**	**715.531.753**
Од утврдени намени	717.876.969	714.601.753
Расходи од резерви	500.000	930.000
III. Дефицит	**- 26.063.788**	**- 26.063.788**
IV. Финансирање	**26.063.788**	**26.063.788**
Прилив	**28.277.788**	**28.277.788**
Домашни задолжувања	0	0
Странски заеми	0	0
Депозит	**28.277.788**	**28.277.788**
Одлив	**2.214.000**	**2.214.000**
Отплата на главница	2.214.000	2.214.000

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ .

Бр. 09 – 5057/5 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
26.10.2026 година **Претседател**
Крива Паланка **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/6 **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
27.10.2026 год. **Градоначалник,**
Крива Паланка **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 09/26), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/5 од 26.12.2025 и бр. 09-1315/41 од 13.03.2026 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25 и 03/26),и согласно Барање бр. 08-4625/1 од 14.09.2026, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 26.10.2026 година, донесе:

О Д Л У К А

за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на доспеани и тековни обврски

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски во износ од 300.000,00 денари.

Член 2

Финансиските средства утврдени во член 1 на оваа одлука ќе се користат за подмирување на обврски кои не се подмирени по основ на договори со економски оператори и договорни услуги (за храна, опрема и сл.) од страна на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка, а согласно Барање на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка бр. 08-4625/1 од 14.09.2026 година.

Член 3

Средствата утврдени во членот 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Крива Паланка за 2026 година од ставка 464, Програма А0 - Совет на Општина.

За доделените финансиски средства Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка има обврска да достави Финансиски извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Член 4

За споредување на оваа одлука задолжено е Одделението за финансиски прашања во Сектотор за локален економски развој, финансиски прашања и даноци при Општина Крива Паланка.

Член 5

Ова Решение влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09 - 5057/7
26.10.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на доспеани и тековни обврски

1. Се објавува Одлука за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на доспеани и тековни обврски, што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/8
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 09/26), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/5 од 26.12.2025 и бр. 09-1315/41 од 13.03.2026 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25 и 03/26), и согласно Одлука бр. 09-3680/35 од 17.07.2026 година за прифаќање на иницијатива за доделување на финансиски средства- награда на Вукашин Јовановиќ бр. 09-3707/1 од 14.07.2026 година, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 26.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за трансфер на средства на Вукашин Јовановиќ

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност да се изврши трансфер на средства од Буџетот на Општина Крива Паланка на Вукашин Јовановиќ како признание за неговите исклучителни спортски достигнувања – златен медал на Светското универзитетско првенство во боречки спортови 2026 година.

Член 2

Општина Крива Паланка да изврши трансфер на лицето Вукашин Јовановиќ во нето износ од 35,000 денари, согласно Одлука бр. 09-3680/35 од 17.07.2026 година за прифаќање на иницијатива за доделување на финансиски средства- награда на Вукашин Јовановиќ бр. 09-3707/1 од 14.07.2026 година.

Член 3

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година – Програма А0 – Совет на општина, расходно конто 412 постојани резерви. Исплатата на средствата ќе се изврши еднократно зависно од расположивите буџетски средства на општината, на трансакциска сметка приложена од лицето Вукашин Јовановиќ.

Член 4

Ова Решение влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка

Бр. 09 – 5057/9
26.10.2026 одина
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за давање согласност за трансфер на средства на

Вукашин Јовановиќ

1. Се објавува Одлука за давање согласност за трансфер на средства на Вукашин Јовановиќ, што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/10
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 09/26), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/5 од 26.12.2025 и бр. 09-1315/41 од 13.03.2026 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25 и 03/26), и согласно Одлука за давање на согласност на Програма за работа на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година со бр.09-6757/5 донесена на 26.12.2025, (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25), а согласно Одлука за доделување на финансиски средства на Фондацијата со Срце за Крива Паланка – Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски бр. 09-4755/21 од 29.09.2026 година, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 26.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година со бр. 09-402/13 од 30.01.2026 година во член 1 став 1 кој се менува и гласи:

Со одваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка одобрува субвенционирање на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ во износ од 850.000,оо денари за трошоци на име хонорари и надоместоци, надворешни услуги и оперативно материјални трошоци, предвидени во програмата за работа на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година.

Член 2

Измените и дополнувањата се прават согласно доставено Барање бр. 05-316/1 од 20.01.2026 година и Одлука за доделување на финансиски средства на Фондацијата со Срце за Крива Паланка – Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски бр. 09-4755/21 од 29.09.2026 година во износ од 350.000 денари.

Член 3

Оваа одлуката влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

Бр. 09 -5057/11
26.10.2026 одина
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година

1. Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година , што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/12
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 09/26), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/5 од 26.12.2025 и бр. 09-1315/41 од 13.03.2026 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25 и 03/26), и согласно Одлука бр. 09-3680/37 од 17.07.2026 година за прифаќање на иницијатива за доделување на финансиски средства – награда на пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ со бр. 09-3708/1 од 14.07.2026 година, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 26.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за трансфер на средства на Пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ од Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност да се изврши трансфер на средства од Буџетот на Општина Крива Паланка на Пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ од Крива Паланка како признание за освоено прво место во Првата македонска сениорска супер лига во натпреварувачка сезона 2025/2026 година.

Член 2

Општина Крива Паланка да изврши трансфер на Пинг понгпонгарски клуб „Крива Паланка од Крива Паланка во вкупен нето износ од 35.000.оо денари, согласно Одлука бр. 09-3680/37 од 17.07.2026 година за прифаќање на иницијатива за доделување на финансиски средства – награда на пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ со бр. 09-3708/1 од 14.07.2026 година.

Член 3

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година – Програма А0 – Совет на општина, расходно конто 412 постојани резерви. Исплатата на средствата ќе се изврши еднократно зависно од расположивите буџетски средства на општината, на трансакциска сметка приложена од Пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ од Крива Паланка.

Член 4

Оваа одлуката влегува 8 дена по објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

Бр. 09 – 5057/13
26.10.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за давање согласност за трансфер на средства на Пинг-понгарски клуб ,,Крива Паланка ,,од Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за давање согласност за трансфер на средства на Пинг-понгарски клуб ,,Крива Паланка ,,од Крива Паланка, што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 26.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/14

27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) , член 14 став (1) точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 09/26), Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС Кр.Паланка за 2026 година број 09-6757/5 од 26.12.2025 и бр. 09-1315/41 од 13.03.2026 („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 14/25 и 03/26), и согласно Програма за работа на ЈП Калин Камен за 2026 година бр.02-04/6 од 25.02.2026 и дадена согласност на програмата од Советот со бр. 09-1315/33 од 13.03.2026 година и Барање бр. 05-1996/1 од 14.04.2026, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 26.10.2026 година, донесе :

О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка бр. 09-2093/9 од 24.04.2026 година и тоа во член 1 став 1, се менува и гласи:

„Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка одобрува субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка во износ од 950.000,оо денари трошоци предвидени во усвоената програма за работа на Јавното Претпријатие „Калин Камен“ за 2026 година.“

Член 2

Со измените во член 1 од оваа Одлука се обезбедуваат дополнителни средства во износ од 350.000 денари предвидени во Програма за работа на ЈП Калин Камен за 2026 година бр.02-04/6 од 25.02.2026 и дадена согласност на програмата од Советот со бр. 09-1315/33 од 13.03.2026 година.

Член 3

Оваа одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

Бр. 09 – 5057/15
26.10.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 27.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -5057/16
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член14, став (1), точка 31 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.09/26), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 26.10.2026 година, ја донесе следнава:

О Д Л У К А

За предавање на објект – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка го предава на ЈП „Комуналец“ -Крива Паланка на користење, стопанисување и одржување објектот: – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка.

Член 2

Објектот од член 1 е изграден во рамки на проектот Прекугранична атракција – смарт туризам во регионот Ќустендил-Крива Паланка-Невестино, со средства од Интеррег ИПА Програмата за Прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Северна Македонија.

Вкупна вредност на инвестицијата за изградба на објектот од член 1 изнесува 277.853,47 ЕУР

Член 3

ЈП „Комуналец“ ќе го користи, стопанисува, управува и одржува ново изградениот објект.

Член 4

Општина Крива Паланка предава по еден примерок од техничката документација за објектот (целосната проектна документација со технички проект, ревизија, сертификати за опремата и вградените материјали, извештаи од извршен технички прием) на ЈП Комуналец –Крива Паланка.

Член 5

Ова Решение влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09-5057/17
26.10.2026 год
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

П р е т с е д а т е л,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за предавање на објект – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за предавање на објект – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 27.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -45057/18
27.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Ред.бр. **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година.....2
2. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА заизградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година.....3
3. Одлука за изменување и дополнувањње на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година 4
4. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнувањње на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година.....5
5. Одлука за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на доспеани и тековни обврски.....6
6. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на доспеани и тековни обврски.....7
7. Одлука за давање согласност за трансфер на средства на Вукашин Јовановиќ.....8
8. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за трансфер на средства на Вукашин Јовановиќ.....9
9. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година.....10
10. Заклучок за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ за 2026 година.....11
11. Одлука за давање согласност за трансфер на средства на на Пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ од Крива Паланка.....12
12. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за трансфер на средства на на Пинг-понгарски клуб „Крива Паланка“ од Крива Паланка.....13
13. Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка.....14
14. Заклучок за објавување на Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка.....15
15. Одлука за За предавање на објект – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка.....16
16. Заклучок за објавување на Одлука за За предавање на објект – адреналински парк со придружни објекти (објекти од времен карактер) на локалитет Калин Камен, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка.....17